совет за етика
Бул. „Партизански Одреди бр. 4 Скопје Македонија 1000
e-mail: info@semm.mk, http://www.semm.mk

До: Иван С. Мирчевски , директор на ТРД Канал 5

Предмет: **Одговор на жалба**

Почитуван Г-дине Мирчевски,

Ви го доставуваме Мислењето на Комисијата за жалби при СЕММ, по жалбата поднесена од Вас против електронската публикација proverkanafakti.mk.

Врз основа на чл. 3,4,5 и 6 од Статутот на Советот за етика во медиумите во Македонија и чл. 3 од Деловникот за работа на Жалбената комисија при СЕММ,

Жалбената комисија во состав од Претседателот Мирче Адамчевски и членовите Теофил Блажевски, Беким Ајдини,Филип Ѓурчиновски и Сефер Тахири, а во отсуство на членовите Мери Јордановска и Лидија Богатинова (изземена поради судир на интереси, бидејќи е уредник во ТРД Канал 5) , постапувајќи по Жалбата на ТРД Канал 5, поднесена од директорот Иван С. Мирчевски против електронската публикација proverkanafakti.mk, на седницата одржана на ден 29.10.2014 год. го донесе следново

**МИСЛЕЊЕ**

Жалбената комисија при СЕММ е НЕНАДЛЕЖНА за понатамошно постапување, поради тоа што електронската публикација proverkanafakti.mk претставува БЛОГ, а не интернет портал, односно медиум во вистинска смисла на зборот.

***Образолежние***

На ден 14.10.2014 год до СЕММ беше доставена Жалбата на ТРД Канал 5 изјавена од Директорот Иван С. Мирчевски против електронската публикација proverkanafakti.mk .

Бидејќи во моментот на приемот на Жалбата се уште не беше формирана Извршната канцеларија на СЕММ, која во прв степен има и медијациска и посредничка улога во решавањето на етичките спорови, Жалбената комисија одлучи да постапува по предметот и да го земе во решавање.

Во Жалбата, Директорот Иван С. Мирчевски наведува дека електронската публикација „Сервис за проверка на факти, односно и авторот Зоран Бојаровски си дале за право и слобода да делат НОВИНАРСКИ ЛЕКЦИИ на новинари и медиуми кои имаат голем и неприкосновен рејтинг и доверба кај пошироката македонска популација. Подносителот вели: „Во рубриката НОВИНАРСКИ ЛЕКЦИИ , дотичниот Зоран Бојаровски си дозволува да оценува едно издание

на Централниот Дневник на Канал 5 ТВ, емитуван на 8-ми Октомври 2014 год , преполн со негови лични ставови гледишта кои се директна и недвосмислена клевета на нашите новинари и уредници, и притоа целиот тој текст да ги публикува на уште дузина други електронски медиуми во Македонија“.

Подносителот на Жалбата исто така истакнува дека:

-Ова не претставува ништо друго туку директно мешање на новинарот и медиумот во уредувачката политика на нашиот ТВ куќа.

- дрско и безобразно клеветење на нашиот одговорен Уредник, Уредникот на денот како и дежурните новинари.

- ДИРЕКТНО МЕШАЊЕ во начинот на работата на новинарот во една релевантна медиумска куќа како што е нашата, а клеветата ја продолжуваат и во неговиот/нивниот последен пасус.

-Не само што го клевети нашиот медиум како правен субјект со сериозна општествена одговорност, туку директно го навредува новинарот кој го подготвуваше овој прилог, велејќи дека неговиот рапорт немал никаков смисол!

На крајот подносителот на Жалбата вели дека:

-Како што би кажале почитуваните членови на Советот на Етика во Медиумите, сега Канал 5 ТВ очекува да биде ЗАШТИТЕН но истовремено да се заштитат и граѓаните и јавноста од непрофесионални новинари и медиуми кои имаат желба да уредуваат ТВ куќи во Македонија!

Оттука и барањето на подносителот:

МЕДИУМОТ и НОВИНАРОТ ЈАВНО ДА БИДАТ ОСУДЕНИ за овој непромислен потег, кој не им се случува за прв пат, за да немаме потреба правдата да ја бараме пред судските инстатнци во РМ.

***

Подносителот на Жалбата не приложи никакви материјални докази.

***

По приемот на Жалбата, Жалбената комисија направи увид во електронската публикација proverkanafakti.mk и ја констатираше следнава фактичка состојба:

На линкот Правила за коментирање кој е составен дел на електронската публикација proverkanafakti.mk е наведено дека станува збор за БЛОГ платформа, односно сервис.

Од интернет страницата е евидетно дека таа нема комерцијален карактер. Начинот на финасирање на страницата јасно е наведен уште на почетната страница каде стои дека станува збор за проект финсиран од УСАИД за зајакнување на медиумите во Македонија – Компонента Сервис за проверка на факти од медиумите спроведувана од Метаморфозис.

совет за етика
Бул. „Партизански Одреди бр. 4 Скопје Македонија 1000
e-mail: info@semm.mk, http://www.semm.mk

Како што пишува и на самата електронска публикација проектните активности опфаќаат: постојана продукција на аналитички написи според однапред определена методологија заснована на етичките новинарски кодекси: рецензии од страна на новинари и аналитички написи со цел да се зголеми јавното образование и да се поттикнат дебати за точноста во медиумските производи.

Интернет страницата нема ниту една информативна содржина што би укажувало дека станува збор за медиум во вистинска смисла на зборот, односно интернет портал. Понатаму е евидентно дека од содржините, електронската публикација ги содржи жанровите-рецензии, колумни, коментари, што по самата жанровска карактеристика содржат само лични и стручни мислења на авторите.

***

Согласно член 3 од Деловникот за работа на Жалбената комисија, Комисијата ги разгледува сите пристигнати жалби поврзани со кршење на професионалните и етичките стандарди во пишаните (печат и новински агенции), електронските (ТВ и радио) и во интернет медиумите во Македонија.

Согласно член 4 од истиот Деловник, Жалба поврзана со објавените содржини во медиумите може да поднесе секој граѓанин, правни лица и други претставници на јавноста, вклучувајќи ги и новинарите. Жалбата може да се поднесе против одреден медиум. Жалби против поединечни новинари не може да се поднесуваат.

Согласно член 7 од Деловникот,доколку Жалбата не е во надлежност на СЕММ, Извршната канцеларија, по претходна консултација со Претседателот на Комисијата за жалби, може да ја одбие жалбата и да го извести подносителот за причините поради кои е одбиена. Извршниот директор веднаш ја известува Комисијата за одбиените жалби.

***

Врз основа на така утвдената фактичка состојба членовите на комисијата најдоа дека:

Жалбената комисија нема право да постапува по однос на оваа Жалба, бидејќи електронска публикација претставува БЛОГ, а не медиум во вистинска смисла на зборот,односно интернет портал. Комисијата сметаше дека доколку се впуштеше во материјална расправа по однос на оваа Претставка, ќе излезеше од рамките на своите надлежности односно ќе постапеше спротивно на чл. 3 од Деловникот за работа на Жалбената комисија каде е јасно наведено дека таа постапува само по жалби поврзани со кршење на професионалните и етичките стандарди во пишаните (печат и новински агенции), електронските (ТВ и радио) и во интернет медиумите во Македонија.

Кон наводите за своето МИСЛЕЊЕ, комисијата додава дека е евидентно дека електронската публикација proverkanafakti.mk не може да се смета за медиум, бидејќи таа нема комерцијален карактер , во ниту еден случај нема содржина што би упатила дека таа е интернет портал во вистинска смисла на зборот и дека ги единствено содржи жанровите рецензии ,колумни, коментари- што по самата жанровска карактеристика содржат само лични и стручни мислења на авторите.

совет за етика
Бул. „Партизански Одреди бр. 4 Скопје Македонија 1000
e-mail: info@semm.mk, http://www.semm.mk

Комисијата смета дека нема право да анализира или коментира лични мислења на граѓани, новинари или стручни лица, што е човеково право гарантирано со чл.16 од Уставот на РМ и со домашните и меѓународните нормативи

Врз основа на овие факти, Жалбената комисија, врз основа на чл. 7 од Деловникот за работа на Жалбената комисија одлучи како во диспозитивот .

Жалбената комисија го охрабрува медиумот ТРД Канал 5, доколку во иднина се сретне со било какво неетичко постапување на друг медиум, слободно да поднесе Претставка до СЕММ за понатамошно потсапување на ова тело.

Со почит,

Комисија за жалби при Совет за етика

29.10.2014, Скопје

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Претседател,

Мирче Адамчевски